**Закон за судски буџет**
**(„Службен весник на Република Македонија”**
**бр. 60/03, бр. 37/06, бр. 103/08, бр. 145/10)**

**1. Со судскиот буџет се финансираат:**

а) Судовите, Судскиот совет на Република Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители
б) само судовите
в) судовите и министерство за правда

**2. За вршење на работите во врска со судскиот буџет се основа:**

а) Судски буџетски совет
б) Одделение во Министерство за финансии
в) Оддел во Врховен суд

**3. Заменик на Претседател на Судскиот буџетски совет во негово отсуство е:**

а) Член на Судскиот совет
б) Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија
в) Министерот за правда

**4. Судскиот буџетски совет го сочинуваат:**

а) Претседател и десет члена
б) Претседател и шест члена
в) Претседател и дванаесет члена

**5. Претседател на Судскиот буџетски совет е:**

а) Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија
б) Претседател на Врховниот суд на Република Македонија
в) Министерот за правда

**6. Во работата на Судскиот буџетски совет учествуваат и претставници од Министерството за финансии:**

а) без право на одлучување
б) со право да одлучуваат.
в) со право да одлучуват за одредени прашања согласно законот.

**7. Судскиот буџет е:**

а) дел од Буџетот на Република Македонија издвоен како посебен дел означен со "Судска власт"
б) самостоен и независен буџет
в) независен буџет означен како„ судска власт“

**8. Кој ги одобрува средства за нови вработувања во судовите и на единките корисници во рамките на утврдениот судски буџет за маса на исплата на плати?**

а) Судски буџетски совет
б) Министерство за финансии
в) Стручна служба на судски буџетски совет

**9. Кој врши распределба на средствата од судскиот буџет на единките корисници и презема мерки за навремено извршување на судскиот буџет?**

а) Министерство за финансии
б) Министерство за правда
в) Судски буџетски совет

**10. Внатрешна ревизија на извршувањето на финансиските планови во судовите врши внатрешен ревизор назначен од:**

а) Судскиот буџетски совет
б) Министерство за финасии
в) Државен завод за ревизија